Зузана Тополињска
Истражувачки центар за ареална лингвистика
при МАНУ, Скопје, Македонија
zuzana@manu.edu.mk

# ГОРНОЛУЖИЧКИ ЈАЗИК

(Описот е селективен во однос на состојбите во полскиот јазик, со тежиште врз конструкции настнати под германско влијание, а кои се интересни од типолошка гледна точка, како извор послужи:
GRAMMATIK der obersorbischen Schriftsprache der Gegenwart, Morphologie
Verfasst von H.Fasske unter Mitarbeit von S.Michalk, Bautzen 1981)

А. Основни форми, основна функција

Основната форма е презентот од несвршените глаголи; тој изразува и актуелна сегашност и омнитемпоралност и итеративност со соодветни додатоци во контекстот.

Постојат неколку секундарни дијатетички конструкции кои имаат парадигма по време и меѓу други времиња способни се и да изразуваат сегашност:

1. Das indirekte Aktiv, по моделот: *dam (wu)dźełać , daš...* ; тој сигнализира дека субјектот е во улога на каузатор; зависно од контекстот се интерпретира како фактитив или како пермисив (‘дозволувам да...’)

2. Das indirekte Intransitiv, по моделот: *dam so nabić ; so* ја блокира позицијата на директниот објект; значењето е исто така фактитивно или пермисивно:
*...dam so za krala krónować...,*
*...daj so nama posydnyć...*

3. Das indirekte Passiv, по моделот: *dóstać (dóstawać) + -n-/-t-*партицип, на пр.
*Mać dóstanje [wot šwalce] šat šity;*
*Dyrbiš k policiji a tam dóstanješ nowe mjeno pridźelene...;*
има лексико-семантички рестрикции во деривација

4. Die Vollzugsformen, по моделот: *meć + -n-/-t-*партицип, на пр.
*Jan ma polo zworane,*
каде што зависно од контекстот субјектот може да биде во улога на агенс, на адресат или на каузатор; означува дејство кое во моментот за којшто станува збор барем делумно е веќе извршено

5. Zustandformen, по моделот: *sym (za)šity, sy...*

Б.Секундарна употреба на формите на презентот:

за минато (ipf, pf), на пр.
*Słyšu, zo chceš zapućować;*
*Ebert, kiž čerpa material z literatury, znaje wobje formje;*

*To je rjenje, zo was tu zetkam;*
*Netko mi krasnej zwerjeći na dwór priwjedźeš .*

за иднина: *Jutre jedu do Budyšina*

Инаку, идност се изразува како во полскиот (т.е. од перфективи со презент, од имперфективи со помошен глагол **byti +* инфинитив), но во дијалекти

или во постари текстови и од перфективи можни се перифрастични форми: *Zaklepać hakle njebudu;*
*Prinjesć jemu nichtó ničo njebudźe*
– тоа се случува кога глаголот е под реторичен акцент; сите приведени примери се со негација.

C. Другите форми способни да изразуваат сегашност – колку што можев да заклучам врз основа на цитираното дело – се сведуваат на перфектот (со помошен глагол **byti*).